РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 08-1302/3
30.10. 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 со измените), и согласно член 42 од Статутот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Ректорската управа на Универзитетот на својата 22-ра седница одржана на 30.10.2017 година донесе

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Ректорската управа и Наставно-научниот совет**
**на Универзитет Американ Колеџ Скопје**

**I. Ректорска управа**

1. Седниците на Ректорска управа, се одржуваат еднаш месечно, а по потреба, еднаш седмично.
2. Со Ректорската управа раководи Ректорот. По исклучок, во отсуство на Ректорот, со Ректорската управа раководи Проректор.
3. Актите што се предмет на разгледување и усвојување на седниците на Универзитетскиот сенат, задолжително се разгледуваат и на седниците на Ректорската управа.
4. На седниците на Ректорската управа, во зависност од потребата, присуствува и претставник од Службата за студентски прашања на Универзитетот.

**II. Заедничка седница на наставен и административен кадар**

5. Заедничката седница на наставен и административен кадар на УАКС (Joint Session of UACS Faculty and Administration) се одржува еднаш во семестар.
6. На заедничките седници на наставен и административен кадар на УАКС присуствуваат сите наставници ангажирани во наставниот процес на Универзитетот.

**III. Наставно-научен совет**

7. Седниците на Наставно-научниот совет (ННС) ги свикува и со нив раководи деканот.
8. Седниците на ННС се одржуваат секој петок во месецот, во периодот од 12:00 до 13:00 часот и 13:00 до 14:00 часот.

9. По исклучок, вонредна седница на ННС може да се одржи по известување до кабинетот на ректорот. Истото може да се практикува во услови на кратки рокови поврзани со избор во наставно-научни звања и исклучителни барања од страна на студентите кои се поврзани со оценка и одбрана на магистерски и специјалистички труд.
10. На седниците на ННС, во зависност од потребата, присуствува и претставник од службата за студентски прашања на Универзитетот.
11. Деканот задолжително го усогласува терминот за одржување на седница на ННС со кабинетот на ректорот најмалку 48 часа пред одржувањето на седницата.
12. Деканот добива известување дали седницата на ННС ќе се одржи во бараниот термин, само врз основа на принципот „прв дојден, прв услужен".
13. Не е дозволено свикување на електронски седници на ННС.
14. Одлуката да се достави до архивата на Универзитетот.
15. Одлуката влегува во сила со денот на нејзино донесување.

**Ректорска управа**
**Ректор**
**Проф. д-р Марјан Бојаџиев**

М. Бојаџиев